Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите **ЕКВАЛИТИКО** Скопје

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023-2024 ГОДИНА

*Годишниот наративен извештај го опфаќа периодот од септември 2023 до декември 2024г.*

**Здружението Еквалитико официјално е регистрирано во септември 2023год.**

**Визија**

Визија на здружението е постигнување на еднакво и инклузивно општество и општа благосостојба на сите граѓани преку креирање на родово одговорни и праведни социјални политики на локално и национало ниво.

**Мисија**

Мисијата на здружението е активна работа за промовирање и постигнување на еднакви можности на сите граѓани во сите сегменти на општествениот, економскиот и јавниот живот, развој на мултикултурно општество, толеранција и недискриминација.

**Стратешки Цели на Здружението се:**

1. Промовирање на еднаквите можности, родовата еднаквост, недискриминација и толеранција
2. Надминување на стеротипите и искоренување на предрасудите во сите области и врз сите основи
3. Делување во насока на економска и социјална правда за сите граѓани пред се за маргинализираните групи граѓани
4. Помош и поддршка на жени и девојки жртви на семејно и родово базирано насилство и отстранување на сите облици на насилство врз сите граѓани согласно меѓународните и националните документи
5. Економско јакнење на жените и младите
6. Промовирање на мирни општества преку вклучување на жените, девојки и младите во промовирање на безбедност, сигурност и инклузивен и одржлив мир
7. Лобирање и застапување за креирање на родово одговорни и праведни економско –социјални политики за сите граѓани
8. Поттикнување на младинскиот активизам и креирање на младински политики
9. Промовирање и заштита на човековите права на интернет преку зајакнување на капацитетите на граѓаните за следење на процесите на дигитализација
10. Јакнење на капацитетот на своите членови и зголемување на базата на волонтери и членови
11. Вмрежување со други граѓански организации на локално, национално и меѓународно ниво

## Активности спроведени во 2023 година

Активностите на Здружението ЕКВАЛИТИКО во текот на 2023 година се одвиваа согласно Програмата за работа за 2023-2025 год. како и согласно визијата за еднакво и инклузивно општество и општа благосостојба на сите граѓани преку креирање на родово одговорни и праведни социјални политики на локално и национало ниво.

Согласно Програмските определби главниот фокус од септември 2023 кога и официјално беше регистрирано здружението па до крајот на 2023 год. беше ставен на дел од програмските области конкретно на областите за жени, мир и безбедност, еднаквите можности, родовата еднаквост и рамноправност, насилството врз жените и економското јакнење на жените.

- **Учество во Програма за изградба на капацитети на ГО, медиуми и преставници на собраниски служби за реформи во безбедносниот и разузнувачкиот сектор**

Организацијата преку свој претставник беше вклучена во Програмата за изградба на капацитети на претставници на граѓански организации за реформи во безбедносниот и разузнувачкиот сектор во Република Северна Македонија спроведувана од страна на ДЦАФ-Женевски центар за реформи во безбедносниот сектор со временска рамка 2021-2026 год. Програмата е наменета за граѓански организации, претставници на медиуми и претставници на соодветните служби од Собранието на Република Северна Македонија. Првиот дел од програмата се спроведе во текот на декември 2022-декември 2023 година. Истата опфати различни теми како следните: Улогата на ГО и медиумите во надзорот на безбедносниот и разузнувачкиот сектор, принципи на добро управување, парламентарен надзор над секторот, пристап базиран на човекови права и родова перспектива во надзорот над безбедносниот и разузнувачкиот сектор, Нато и ЕУ стандарди за реформи во секторот. Како краен продукт беше развиен **стандардизиран водич за граѓански надзор над секторот** во кој активно учество зедоа и како автори се претставниците на сите граѓански организации и медиуми кои се вклучени во програмата. Претседателката на организацијата активно учествуваше во сите обуки спроведени од страна на ДЦАФ и се здоби со сертификат за завршен прв циклус на обуки од областа. Во рамки на оваа програма, претседателката на Здружението зеде учество во **студиска посета во Берлин** во септември со цел подобро запознавање со функционирање на надзорот од страна на невладините организации во Германија кои работат на оваа тематика како и запознавање со работата на соодветните парламентарни комисии.




Во рамки на оваа програма преставници на организацијата учествуваа во неколку обуки кои се спроведоа од страна на меѓународни организации на теми поврзани со интерсекција на родовата еднаквост со безбедноста и мирот, потребите на жен ите и девојките во време на кризи и конфликти, учество на жените во мировните и преговарачките процеси, вклучување на родовата перспектива во потребите на внатрешно раселените лица, бегалците и мигрантите.





**Сл. Обуки -Градење одржлива иднина: Интегрирање на жените, мирот и безбедноста во Агендата 2030. Родовата еднаквост, мирот и одржливиот развој се инхерентно поврзани и напредокот во овие три области мора да се случи истовремено бидејќи нивниот зависен напредок е од витално значење за траен напредок во секоја област.**

## ➢ Соработка со ДЦАФ - Женевски центар за реформи во безбедносниот сектор

Во текот на 2023 година претседателката на Здружението беше вклучена во изработка на анализа за родова самопроценка на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. Во рамки на овој процес претседателката спроведуваше деск анализа на политиките, стратегиите и законската рамка од родова перспектива, како и учествуваше во спроведување на интервјуа и фокус групи со цел изработка на финална анализа за родова самопроценка на овие две институции.

## ➢ Насилство врз жени, родово базирано насилство

Претседателката на Здружението зема учество во регионален проект спроведен од хрватската организација Safe Place за собирање на податоци за улично вознемирување на жени и девојки каде што во рамки на 5 неделно активно времетраење на програмата за спречување на насилството врз жените, учествуваше во сите обуки кои беа спроведени и беше запознаена со апликацијата [https://safecity.in/](https://safecity.in/) . Како краен продукт заеднички со останати учеснички во група изработи завршна презентација на тема регулирање на фотографирање на жени/девојки без согласност.


Sigurna mjesta
7 декември 2023 ·
Udruga Sigurna mjesta održala je Projekt prikupljanja podataka o uličnom uznemiravanju putem SAFECITY aplikacije (Regional Data Challenge). Tijekom 5 tjedana raspravljali/le smo o tome kako prikupljati podatke i zašto su podaci važni, koje su posljedice uličnog uznemiravanja i kako razgovarati sa žrtvom. Članice Safecity-a diljem svijeta su predstavile svoje aktivnosti a među sudionicama projekta također su se izrodile mnogobrojne ideje.
Narednih nekoliko dana ćemo predstaviti neke od sudionica projekta.
Među prvima je Daniela Antonovska.
Daniela Antonovska holds a master's degree in gender studies and has worked in the non-governmental sector in North Macedonia for 22 years. She has worked in both domestic and international organizations as well as served in three consecutive terms on the board of the European Women's Lobby. In addition to



## ➢ Економско јакнење на жените

Во текот на 2023 година организацијата беше вклучена во регионален проект (регион на Западен Балкан) спроведуван од страна на Friends of Europe (Пријатели на Европа на тема економско јакнење на жените-предизвици и можности. Претставничка на организацијата беше вклучена во работна група за подобрување на економската положба и економско зајакнување на жените од земјите во регионот на Западен Балкан. Целта на работната група беше да се идентификуваат пречките и предизвиците, но и можностите за поттикнување на развојот на жените во сите аспекти на економскиот живот. Работата на работната група се одвиваше преку регионални состаноци и беа одржани вкупно 4 состаноци во Тирана, Приштина, Ниш и Скопје каде се даде осврт на различни подтеми поврзани со економското јакнење на жените. Подтемите вклучуваа; Економските предизвици на жените во регионот на ЗБ; Локален, приватен сектор и решенија од областа на економскиот развој, Пристап на жените до работната инфраструктура, средства и услуги, Јакнење на жените во руралните области и жените во земјоделството. Во рамки на третата тематска средба во Приштина, претседателката беше вклучена како презентер на тема ; Руралните жени во РСМ-права и сопственост на земјиштето, национални политики, национални фондови и ИПАРД фондови. Четвртата средба на работната група се одржа во Скопје, со конкретна подтема Родово одговорно буџетирање. Како краен продукт се изработи краток извештај со заклучоци и препораки односно factsheet за подобрување на економската положба на жените во ЗБ.

Поврзано со економското јакнење на жените претставничка на организацијата зема учество на базар за економско јакнење на жените во општина Чаир, организирана од страна на Здружението АПЛ ТРИ.

Во однос на овој дел треба да се напомене вклученоста на претседателката во работилници односно експертската поддршка на тема родово одговорно буџетирање за претставници од локалната администрација и советници од општина Чаир како и за претставници на ГО.





**Сл. Работна група за економско јакнење на жените (Скопје и Приштина)**

## ➢ Родова правда и родова еднаквост

Во рамки на регионален проект во Западен Балкан спроведуван од страна на Фондација ЦУРЕ (БиХ) и Глобал фонд за жени (Global Fund for Women) каде претседателката на организацијата е вклучена како евалуатор на проектни апликации како организација зедовме учество на Конференција организирана во октомври 2023 во Херцег Нови (Црна Гора) и март 2023 во Сараево (БиХ) Целта на конференциите беше дискусија за родова правда, состојбата со антиродовите движења во регионот на Западен Балкан, родово базирано насилство, развој на организирани феминистички движења. Воедно претседателката на

организацијата ја презентираше и анализата која ја изработи на тема состојбата на женските, феминистички и ЛГБТ движења во Република Северна Македонија.





**Сл.Конференција за родова правда (Црна Гора, Босна и Херцеговина)**

### ➢ Родова еднаквост, родови дезинформации и говор на омраза

Во рамки на програма на Пикаса аналитикс (Pikasa analytics) претседателката беше вклучена како експерт за давање на услуги за советување од областа на родовата еднаквост со посебен фокус на родови дезинформации, пропаганда и говор на омраза врз жените политичарки. Оваа програма се спроведе на

регионално ниво, односно претседателката беше вклучена во давање советодавни услуги во Македонија, Косово и Црна Гора.

## ➢ Учество на конференции, настани, работни средби

Во текот на 2023 год. претседателката зема учество на првиот регионален самит насловен како New Gen(D)eration во Скопје на 4-5 септември каде се разговараше за стратегиите за постигнување родова еднаквост и општествени промени и се дискутираше за адресирање на предизвиците со кои се соочува граѓанското општество во справувањето со овие прашања, како и да се промовира родовата демократија, правата на жените и правата на ЛГБТИК+ лицата. Самитот беше организиран од Фондацијата Хајнрих Бол во Сараево во соработка со Маргини Коалиција Скопје со поддршка на Kvinna till Kvinna Foundation.

Исто така претседателката зема учество на годишна Конференција посветена на човековите права, со цел одбележување на 75 годишнината од Универзалната декларација за човекови права. Конференцијата беше одлична можност за разговор за предизвиците, можностите и можните решенија како унапредувањето на човековите права може да придонесе кон одржливиот развој.

Претставничка на организацијата зема учество на Годишна конференција за надзорната улога на Народниот Правобранител над разузнувањето и безбедноста која се одржа на 8 ноември организирана од страна на ДЦАФ. Исто така како организација земавме учество и на промоција на Индексот за родова еднаквост на Република Северна Македонија во јуни 2023 како и на конференција по повод Меѓународниот ден на жената 8 март која беше организирана од страна на Комисијата за еднакви можности во Собранието на РСМ под мотото ,,До каде сме со родовата еднаквост"





- **Учество во ТВ прилози, објавени колумни**

Во текот на 2023 год. претседателката на Здружението учествуваше во медиумски прилози подготвени од страна на ТВ М од Охрид каде зборуваше за економската и енергетската криза и нејзиното влијание врз женската сиромаштија како и на темата за родово одговорно буџетирање.  Исто така беа објавени и неколку колумни во Слободен Печат како и во германски медиуми.

- **Активности за поврзување/вмрежување со ГО, соработка**

Во текот на годината продолживме да соработуваме со поголем број на граѓански организации од Скопје и пошироко кои работат на исти или слични прашања. Така оствaривме соработка со ГО: Апл Три од Скопје, Исчекор од Валандово, Женска акција од Радовиш, Женски форум од Тетово, Антико од Скопје. Во однос на регионалната соработка започнавме соработка со Жене у црно од Србија, Safe space и Кали Сара од Хрватска, Пријатели на Европа и сл.

## ➢ Организациски состаноци

Во текот на 2023 се одржа основачко собрание во август 2023, а во септември 2023 год. официјално беше завршена регистрацијата на организацијата како правен субјект.

# Активности спроведени во 2024 година

## ➢ Продолжување на учеството во Програма за изградба на капацитети на ГО, медиуми и преставници на собраниски служби за реформи во безбедносниот и разузнувачкиот сектор (Обука за обучувачи)

Во текот на 2024 година претседателката на Здружението продожи да биде вклучена во  програмата за изградба на капацитети на претставници на невладини организаци и медиуми за реформи во безбедносниот и разузнувачкиот сектор во Република Северна Македонија. Оваа година ( декември 2023 –декември 2024г) акцентот на програмата беше ставен на градење на капацитети на обучувачи кои понатаму преку обуки, тренинзи би ги пренеле своите знаења на останати заинтересирани во оваа област. Претседателката активно учествуваше во сите обуки (пет) спроведени од страна на ДЦАФ-Женевски центар за реформи во безбедносниот сектор.



## ➢ Родова еднаквост, родови дезинформации и говор на омраза

Во рамки на програма на Пикаса аналитикс (Pikasa analytics) претседателката беше вклучена како експерт за давање на услуги за советување од областа на родово базирани дезинформации, говор на омраза и родово базирано насилство односно испорача еден дводневен тренинг на млади новинари и претставници на граѓански организации од Косово. Обуката се испорача во март 2024 г. во Призрен, Косово.

Во рамки на програма спроведувана од страна на Жене у Црном, од Белград, Србија, претседателката зема учество на тродневна конференција на тема Популизам во земјите во Западен Балкан, одржана во септември 2024 во Белград. Од страна на претседателката на организацијата беше презентирано за состојбата со десничарскиот и левичарскиот популизам во Северна Македонија. Исто така во Белград како организација земавме учество на протест во знак на поддршка на актерка која беше жртва на сексуално вознемирување како и на судскиот процес.



**Сл. Белград, протест пред суд**

Во рамки на регионален проект во Западен Балкан спроведуван од страна на Фондација ЦУРЕ (БиХ) и Глобал фонд за жени (Global Fund for Women) учествувавме на Конференција организирана во ноември 2024 во Аранѓеловац, Србија посветена на унапредување на родовата правда во регионот на Западен Балкан. Исто така наш претставник учествуваше и на онлајн состанок во врска со претставување на можностите за аплицирање на програмата на Глобал Фонд за жени за регионот на Западен Балкан. Организацијате аплицираше на повик за проекти од страна на ГФЖ.

## ➢ Економско јакнење на жените

Во рамки на проект спроведуван од страна на Иницијатива за правата на жените од Шуто оризари и Ромски ресурсен центар дадовме експертска поддршка во спроведување на фокус групи со жени Ромки заинтересирани за вклучување во социјално претприемништво како и во спроведување на интервјуа со веќе постоечки провајдери на социјални услуги односно организации активни во делот на социјалното претприемништво.
Претседателката на организацијата беше вклучена во спроведување на анализи за економско јакнење на жените и анализа за проценка на интерни организациски капацитети на граѓанските организации и учество на граѓаните и граѓанските организации во процесите на креирање на локални политики. Овие анализи беа спроведени со експертска поддршка од наша страна во рамки на проект спрведуван од страна на женска граѓанска иницијатива Антико и проектните партнери.

Во текот на годината бевме вклучени како поддршка во група на ромски организации и активистки предводена од страна на хрватската ромска организација Кали Сара со цел организирање на регионална конференција за подобрување на положбата на жените Ромки. Во рамки на оваа група се одржаа три состаноци во текот на година, 2 онлајн состанока и еден состанок во живо.

## ➢ Учество на конференции, настани и работни средби

Во текот на 2024 год. земавме учество на конференција организирана од страна на Институтот за семејни студии при Филозофскиот факултет во Скопје каде претседателката на организацијата презентираше свој труд поврзан со воспоставувањето баланс односно рамнотежа помеѓу приватниот и професионалниот живот. Исто така до крајот на годината трудот беше објавен во стручен зборник на Институтот.
Во текот на годината присуствувавме на повеќе конференции на различни теми како на пример за спротивставување на антиродовото движење, конференции за дезинформации, за жените во спортот, поголем број на вебинари поврзани со политичкото учество на жените, сајбер родово базираното насилство, жени, мир и безбедност, обуки за мониторинг и евалуација на проекти и програми и сл. како и во онлајн дискусии организирани од страна на Граѓански ресурсен центар.

## ➢ Учество во ТВ прилози, објавени колумни

Во текот на 2024 год. претседателката на Здружението учествуваше во медиумски прилози подготвени од страна на 360 степени на МРТВ поврзани со анализа на застапеноста на жените во новиот парламентарен состав како и во медиумски текстови од страна на новинари поврзани со родовата еднаквост во политиката, родовата еднаквост во спортот.

Исто така беа објавени и три научни труда на наша претставничка поврзани со рамнотежа помеѓу приватниот и професионалниот живот, родовата дискриминација на жените од руралните средини и родовата еднаквост и климатските промени.

Веќе воспоставената соработка со одредени граѓански организации продолжи и оваа година како и се воспостави соработка со други граѓански организации. Организацијата отвори свој профил на социјалната мрежа Фејсбук а во план е и отворање на веб страна. Организацијата се регистрираше и во регистарот на невладини организација на веб страната на Собранието.

## ➢ Организациски состаноци

Во текот на 2024 се одржа едно годишно собрание и два состанока на Извршниот одбор на организацијата каде се презентираше сработеното во 2023 како и плановите за работа во 2024 г. и планови за понатамошна работа во 2025г.